Централна кооперативна банка АД

Бр. 0204-61
16-04 2018 год.
СКОПЈЕ

Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 89, став 3, точка 26 од Законот за банките, а во врска со член 86, став 1, точка 3 од Законот за банките, Надзорниот одбор на Банката на својата 123 (сто дваесет и трета) седница, одржана на 16.04.2018 година, го донесе следното

# М И С Л Е Њ Е

## за Извештајот на Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје, изготвени за годината што завршува на 31.12.2017 година

Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје, во текот на февруари-март 2017 година, изврши ревизија на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2017 година, коишто вклучуваат Биланс на состојба, Извештај за сеопфатна добивка, Биланс на успех, Извештај за промени во капиталот и Извештај за паричните текови и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Македонија.

Ревизијата на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да ги почитуваат.

При вршење ревизија, Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје, согласно со проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, вклучија соодветни постапки за прибавување ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

Со цел за успешно и ефикасно извршување на ревизијата на финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2017 година, Друштвото за ревизија пристапи кон претходна ревизија во текот на декември 2017 година, со состојба 31.10.2017 година.

**Надзорниот одбор ги разгледа и го прифаќа „Извештајот на независните ревизори" од Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје, согласно со кој финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Централна кооперативна банка АД Скопје на 31 декември 2017 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува и истите се во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Македонија и регулативата на Народна банка на Република Македонија.**

Претседател на Надзорен одбор,
г. Тихомир Атанасов

Централна кооперативна банка АД Скопје